# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за финансии |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог на Закон за затворање на сметките кои се преземени во Управата за јавни приходи од поранешната Агенција за блокирани сметки на учесниците во платниот промет, чии иматели се субјекти кои по организациона форма не се трговски друштва или трговци - поединци |
| Одговорно лице и контакт информации: | Ленче Тагасовска<br>lence.tagasovska@finance.gov.mk<br>02/3255-350 |
| Вид на Извештај | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☐Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐НПАА<br>☒Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☒Друго: Предлог од Управата за јавни приходи |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | Нема |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | __.__.2014 |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | __.__.2014 |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | __.__.2014 |

| | |
|---|---|
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | __.__.2014 |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### *1.1 Опис на состојбите*

Управата за јавни приходи на Република Македонија води евиденција на блокирани сметки на субјекти кои по организациона форма не се трговски друштва или трговци – поединци (задруги, совети, работилници, комисии, дуќани, автопревозници, синдикални организации, куќни совети, месни заедници и др), преземени од Агенцијата за работа со блокираните сметки на учесниците во платниот промет чии жиро сметки ( блокирани сметки) не се пренесени на носителите на платен промет.

### *1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

За овие субјекти не може да се спроведе постапка за нивно бришење по одредбите од Законот за трговски друштва, поради тоа што за некои од нив не е познат законскиот основ за нивното формирање, не се преземени и не се евидентирани како субјекти во Централниот Регистар а и немаат соодветна идентификација.

## 2. Цели на предлог регулативата

Предлогот на Закон за затворање на сметките кои се преземени во Управата за јавни приходи од поранешната Агенција за блокирани сметки на учесниците во платниот промет, чии иматели се субјекти кои по организациона форма не се трговски друштва или трговци - поединци има за цел да обезбеди трајно завршување на преостанатите работи со блокираните сметки на учесниците во платниот промет кои своите жиро сметки не ги пренесоа од Заводот за платен промет на носителите на платен промет најдоцна до 31 декември 2001 година.

## 3. Можни решенија (опции)

### *3.1 Опис на решението „не прави ништо“*

Ова решение значи да не се донесе Предлогот на Закон за затворање на сметките кои се преземени во Управата за јавни приходи од поранешната Агенција за блокирани сметки на учесниците во платниот промет, чии иматели се субјекти кои по организациона форма не се трговски друштва или трговци -

поединци. Ова не е прифатлива опција бидејќи со одбирањето на оваа опција нема да се постигнат горенаведените цели.

*3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

-Бришење на евиденцијата на блокирани сметки на субјекти кои по организациона форма не се трговски друштва или трговци – поединци а за кои не може да се спроведе постапка за нивно бришење по одредбите од Законот за трговски друштва и

-Пренесување на преостанатите парични средства од блокираните сметки во Буџетот на Република Македонија.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

*4.1 Економски влијанија*

*НЕ*

*4.2 Фискални влијанија*

*НЕ*

*4.3 Социјални влијанија*

*НЕ*

*4.4 Влијанија врз животната средина*

*НЕ*

*4.5 Административни влијанија и трошоци –*

*а) трошоци за спроведување*
*нема*

*б)трошоци за почитување на регулативата*
*нема*

## 5. Консултации

*5.1 Засегнати страни и начин на вклучување*

Управата за јавни приходи до Владата на Република Македонија даде иницијатива за донесување на регулатива за затворање на сметките кои се преземени во Управата за јавни приходи од поранешната Агенција за блокирани сметки на учесниците во платниот промет, чии иматели се субјекти кои по организациона форма не се трговски друштва или трговци – поединци

*5.2 Преглед на добиените и вградените мислења*

*Добиени и вградени се мислењата од ________________________________________.*

*5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*
*нема*

## 6. Заклучоци и препорачано решение

*6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

Позитивни влијанија од предложените решенија се трајно завршување на преостанатите работи со блокираните сметки на учесниците во платниот промет кои своите жиро сметки не ги пренесоа од Заводот за платен промет на носителите на платен промет најдоцна до 31 декември 2001 година.

Предложеното решение нема да има негативни влијанија.

*6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*
*нема*

*6.3 Препорачано решение со образложение*

- Се препорачува донесување на Предлогот на Закон за затворање на сметките кои се преземени во Управата за јавни приходи од поранешната Агенција за блокирани сметки на учесниците во платниот промет, чии иматели се субјекти кои по организациона форма не се трговски друштва или трговци - поединци со кој ќе се овозможи затворање на жиро сметките на субјектите кои по организациона форма не се трговски друштва или трговци – поединци а за кои не може да се спроведе постапка за нивно затворање по одредбите од Законот за трговски друштва и пренесување на преостанатите парични средства од блокираните сметки во Буџетот на Република Македонија.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

*7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*
*нема*
*7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*
*нема*
*7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*
Управа за јавни приходи
*7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*
*нема*

## 8. Следење и евалуација

*8.1 Начин на следење на спроведувањето*

*нема*

*8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

- Со донесување на Предлог на Закон за затворање на сметките кои се преземени во Управата за јавни приходи од поранешната Агенција за блокирани сметки на учесниците во платниот промет, чии иматели се субјекти кои по организациона форма не се трговски друштва или трговци – поединци со кој ќе се овозможи затворање на жиро сметките на субјектите кои по организациона форма не се трговски друштва или трговци – поединци а за кои не може да се спроведе постапка за нивно затворање по одредбите од Законот за трговски друштва и пренесување на преостанатите парични средства од блокираните сметки во Буџетот на Република Македонија.

Изјава од државен секретар

Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.

Датум:__.__.2014 година

__________________________

Игор Димитров
Државен секретар

Изготвил: Мариа Анѓелеска
Контролирал: Ленче Тагасовска
Согласен: Наташа Стојмановска